1513

# П Р О Г Р А М А

за подигање на споменик, спомен бисти и други одбележувања за Наум Веслиевски - Овчарот

## 1.Подигање на споменик во град Ресен

Сходно одлуката на Општинскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ - Ресен донесена на седницата одржана на 31.I.1973 година, решено е да се подигнат на погодно место во центарот на градот Ресен споменик - во знак на благодарност од народот на Преспа и револуционерната дејност во текот на НОВ против фашистичкиот окупатор за ослободување на земјата и изградбата на социјализам.

Меѓутоа, на еден состанок на Претседателството на СЗБ беше усвоен заклучок ликот на Овчарот да се вгради на видно место во општиот паметник на Револуцијата што се предвидува да се подигни во центарот на градот Ресен поради кое Комисијата предлага што е можно поскоро да се завземи дефинитивен став како би могло да се отпочне со припремните активности и остварувања на иницијативата.

## 2.Подигање на спомен-биста во с.Златари.

Во непосредна близина на бистата на Ѓите Трајчевски во с. Златари да се подигне биста за Овчарот, по можност до 4.7.1974 г.

## 3.Прилагодување на родната куќа во спомен-дом-"музеј"

Со цел да се оствари замислата за прилагодување на куќата во која се роди и живееше Наум Веслиевски Овчарот во село Златари - прилагоди за спомен-дом /или музеј/ неопходно е да се извршат следните работи:

а/-Да се изврши генрален ремонт - адаптација на надворешниот и внатрешниот дел на куќата,

б/-Да се обликуваат дворното место и уреди внатрешниот дел /стази, цвеќиња и друго./.

в/ Да се решат проблемот на одржувањето и отпочни со прибирање на материјали-експонати од животот, активноста во НОВ, работата и друго.

г/-Да се расчисти со имовинските односи во врска со куќата и дворното место.

д/ За одржувањето потребна е грижа и согласност на факторите во општината/ пред се Собранието на општината / а треба да

се регулира со мерките што ќе се преземат за прилагодување во историски музеј.

4.Гробницата во с.Јанковец да сек подигне до почетокот на месец ноември 1973 година, за што работите да отпочнат веднаш.

5.Пишувањето на биографијата за животот и револуционерната кативност да се довери на Др.Душко Константинов.
За таа цел да се формира координационо тело, кое ке помогне во насочувањето на лица што можат да се користат во обликувањето на определено моменти од животот, борбата и вкупната револуционерна активност, поред документацијата што на еден или друг начин постои и е вградена во одделни хроники, репортажи, историски архиви и друго.

Да се отпочне веднаш со обезбедување на финансиски средства за хонорари и другите потреби за издавање на брошурата и други публикации.

6.Да се разгледа можноста една од улиците во град Ресен, односно организација за здружен труд, школа да го прифати и носи името на Наум Веслиевски - Овчарот.

Во организациите односно институциите што ќе го носат името на Овчарот на пригоден начин(спомен-биста, спомен-плоча) да се одбележи по можност во надворешниот дел на видно место од просториите или двориштето.

7.Да се достави предлог до Претседателствотона Општинскиот одбор на СЗБ НОВ Ресен, а преку него до Републичкиот одбор на СЗБ НОВМ Скопје за прогласување на Овчарот за Народен херој.

8.Да се испита можноста за подигање спомен одбележувања на позначајни места од акциите на одредот, односно другите воени формации каде особено била истакната индивидуалната улога на Овчарот.

9.Да се покрени иницијатива и поведат консултации со еминентни филмски уметници за снимање на филм за животот и револуционерното дело на Наум Веслиевски Овчарот. Оваа иницијатива е тесно поврзана и зависна од издавањето на брошурата на за биографијата и оценката на филмските уметници и другите фактори.

28 Август 1973 година　　　　　　ОД КОМИСИЈАТА

./.